**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Главната причина за пристапување кон измени и дополнување на Законот за животна средина е потребата од измени на одредени одредби од законот со цел обезбедување услови за негово подобро спроведување.

Главни Проблеми

- Потребата од усогласување на Законот за животна средина со измените и дополнувањата на Законот за општа управна постапка заради примена на начелото молчење на администрација.
- Усогласување на надоместокот за возила и пловни објекти со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, заради обезбедување на поголема ефикасност во наплатата на надоместокот.
- Потреба од допрецизирање и проширување на правните основи за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од законот заради усогласување со законодавството на ЕУ.

Можно е решавање само со регулаторни мерки преку задолжителни стандарди. Решавање преку не-регулирани (доброволно) или само-регулирани методи (контрола од соодветно професионално здружение / комора) нема да ги дадат неопходните ефекти и може да доведат до нарушувањето на пазар

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основни цели на регулативата се:

- Примена на начелото молчење на администрацијата;
- Донесување на подзаконскита акти заради понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ;
- Зголемување на ефикасноста во наплатата на надоместокот за возила согласно член 180 од Законот за животна средин;
- намалување на негативното влијание врз животната средина;
- усогласување со законодавството на Европската унија (Директива);

Донесувањето на регулативите ќе обезбеди понатамошно усогласување на законодавството на РМ со она на ЕУ и ќе обезбеди зголемување на ефикасноста на наплатата на надоместокот за возила согласно член 180 од Законот за животна средина.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

При разгледувањето на регулативата разгледани се три опции:

- ***Опција 1:*** Не прави ништо. Да не се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за животна средина.
- ***Опција 2:*** Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина само во делот на угласување со Директивата 2001/42/ЕЦ
- ***Опција 3:*** Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина со кој ќе се прошири правниот основ за донесување на подзаконски акти и ќе се преуреди начинот на наплата на надоместокот за возила.

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Донесувањето на измените на Законот за животна средина не предизвикуваат дополнителни трошоци во однос на администрацијата и засегнатите субјекти.
Со првата опција да не се прави ништо, недонесувањето на измените ќе го доведе во прашање понатамошното усогласување на законодавството на РМ со она на ЕУ.
Во однос на втората опција, доколку законот за животна средина би се променил во делот на потребното усогласување со Директивата 2001/42/ЕЦ и проширување на правниот основ за донесување на подзаконски акти, нема да се предизвикаат дополнителни трошоци за администрацијата.
Во однос на третата опција, исто така нема да се предизвика дополнителни трошоци за администрацијата, ниту за засегнатите страни и граѓаните. Имено, предложените измени на Законот за животна средина во член 180, утврдениот износ на надоместокот не преставува реално зголемување на надоместокот што до сега се плаќа при регистрацијата на моторните возила. Утврдениот надоместок во измените преставува само средна вредност од досегашниот надоместок што се наплатувал при регистрација на возилата од страна на овластените правни лица за технички преглед на возилата.
Со проширувањето на правниот основ за донесување на подзаконски акти, нема да се предизвика дополнителни трошоци за администрацијата и за засегнатите страни, од причина што подзаконските акти се веќе планирање и предвидени со Законот за животна средина, при што измените што се предлагаат со овој закон, само номотехнички го

подобруваат правниот основ заради обезбедување на правна рамка за донесување на подзаконските акти кои ќе овозможат транспонирање на законодавството на ЕУ.

## 1. Придобивки

Со утврдување на конкретните износи на надоместокот во членот 180 од Законот за животна средина, всушност се намалуваат трошоците кај правните лица кои вршат регистрација на возилата, во однос на потребните софтверски решенија за претходното пресметување на надоместокот врз основа на процент од основното осигурување. Воедно, со измените на член 180 од Законот за животна средина, ќе се обезбеди едношалтерски систем за регистрација, при што граѓаните ќе бидат заштедени од трошоци во поглед на потребата од доставување на осигурителна полиса пред да се изврши технички преглед на возилата, особено за оние технички станици кои немаат овластени агенти за осигурување од сите осигурителни компании.
Со измените на членот 180 од Законот за животна средина ќе се обезбеди и зголемен процент на наплатата на надоместокот, од причина што со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Реппублика Македонија“ бр. 88/05, 70/06 и 81/08), осигурувањето е одвоено од постапката за регистрација на возила.
Воедно, поголема ефикасност во наплата на надоместокот се постигнува и со фактот дека со измените на член 180 законската обврската за наплата на надоместокот се утврдува да биде правното лице овластено за технички преглед на возилата, наместо досега предвиденото правно лице за регистрација на моторните возила, што всушност беше овластеното лице на министерството за внатрешни работи, кое реално нема надлежност во собирање на надоместоци при регистрација на возилата.

## 2. Ризици и претпоставки

Недонесувањето на измените на Законот за животна средина може да доведе немање правна основа за донесување на подзаконски акти со кои ќе се врши усогласување со законодавството на ЕУ. Воедно, доколку не се измени членот 180 од Законот за животна средина надоместокот за возила нема да се наплатува од сите граѓани во РМ и истото ќе зависи од тоа дали овластеното лице за технички преглед има овластен агент за осигурување.

## 3. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | ДА |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА | ДА |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | ДА |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА | ДА |

**Резиме на трошоци и придобивки и влијанија**
Од Проценката на влијанието на регулативите произлегува дека придобивката од воведување на измените на Законот за животна средина го надминува трошокот од непреземање ништо. Затоа, се препорачува да се донесат измените.

Завршните податоци од ПВР укажуваат на тоа дека Опцијата 3 е подобра во однос на Опциите 1 и 2, од причини што опцијата обезбедува намалување на трошоците во однос на постапката за регистрација на возилата и обезбедува поголема ефикасност во наплатата на надоместокот за возила. Воедно, оваа опција овозможува да се продоложи со понатамошното усогласување со законодавството на ЕУ.

**Чекор 3: Консултации**

Во постапкат за консулатации опфатени се следните прашања:
Прашања опфатени во процесот на консултации вклучуваа:
- Кој е процентот на наплата на надоместокот согласно член 180 од Законот за животна средина?
- Која се средната вредност на висината на надоместокот што се наплаќа согласно постојниот член 180 од Законот за животна средина?
- Кој е степенот на транспонирање на Директивата 2001/42/ЕЦ и утврдување на членовите што не се транспонирани?
- Дали е доволен правните основи за донесување на подзаконски акти што произлегуваат од Законот за животна средина?

Консултациите се извршија преку одржување состаноци со релевантните субјекти кои се засегнати со измените во Законот за животна средина, пред се со правните субјекти кои вршат регистрирање на возилата во РМ и осигурителните компании, како и со сите правни лица кои учествуваат во постапката за регистрација на возилата. Воедно, земени се во предвид извештаите од третиот и четвртио Прогрес мониторинг за животна средина 2009 година.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

   Да се донесе Законот за измена и дополнување на Законот за животна средина, со што ќе се обезбеди понатамошно транспонирање на директивите на ЕУ и ќе се зголеми степенот на наплата на надоместокот за возила што произлегува од член 180 од Законот за животна средина, при што нема да се зголеми висината на надоместокот што и до сега се наплаќал при регистрација на моторните возила.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- Претставници на Сектор за ЕУ при МЖСПП
  - Јадранка Иванова, Раководител на сектор за ЕУ,
  - Драгана Черепналковска, Раководител на одделение за усогласување со правото на ЕУ и преговарање

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Претставници на Владата на Република Македонија
  - Др. Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање
  - Д-р. Соња Лептикова, заменик министер за животна средина и просторно планирање
- Повереници:
  - Лидија Зафировска, државен секретар во министерството за животна средина и просторно планирање, и
  - Јадранка Иванова, Раководител на сектор за ЕУ во министерството за животна средина и просторно планирање

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: Ноември 2008 на интернет страната на МЖСПП<br>Вклучени организации и претставници: АМСМ, Здруженит на возачи на РМ, Министерство за економија, Стопанска комора на РМ,<br>Свое мислење дадоа следниве организации: АМСМ, Здружение на возачи, Министерство за економија, Стопанска комора на РМ, Министерство за финансии и др. | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | ДА |

**Изјава од министерот**

Јас, Др. Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
.................................................................................. Датум: 30.12.2009